Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
Бр. 05-1915/2
27. 03. 2019 2019 година
Скопје

Врз основа на член 28 став 1 од Законот за јавни набавки (Службен весник на Република Македонија" бр. 136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 160/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16 и 165/17) и член 49 став (1) и член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа (Службен весник на РМ бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/2010 и 51/2011), по овластување на министерот за правда заменик Министерот за правда Оливер Ристовски донесе

**О Д Л У К А**

за набавка на стоки- Набавка на тонери за потребите на Министерство за правда и подрачните оддделенија

1. Предмет на договор за јавна набавка е за набавка на стоки- Набавка на тонери за потребите на Министерство за правда и подрачните оддделенија. Детален опис на предметот на набавката е даден во техничката спецификација во тендерска документација.

2. Предметот на набавката е предвиден во ГПЈН за 2019 година и истиот е деллив на 4 дела и тоа:

**ДЕЛ 1: Набавка и испорака на тонери, кертриџи, драмови за XEROX печатари**
**ДЕЛ 2: Набавка и испорака на тонери, кертриџи, драмови за Lexmark печатари**
**ДЕЛ 3: Набавка и испорака на тонери, кертриџи, драмови за KONICA Minolta и Koicera Mita печатари**
**ДЕЛ 4: Набавка и испорака на тонери, кертриџи, драмови за Hewlet Packard печатари**

3. За реализација на оваа набавка потребни се средства во износ до 600.000,00 денари без вклучен ДДВ, ДДв во износ од 108.000,00 денари односно 708.000,00 денари со вклучен ДДВ.
Средства се обезбедени во Буџетот на Република Македонија за 2019 година, а плаќањето ќе се врши од редовна буџетска сметка на Министерството за правда 637, програма 10-администрација, ставка 423.

4. Јавната набавка од точката 1 на оваа одлука, да се изврши со постапка со барање за прибирање на понуди согласно член 100 став 3 алинеа 2 од Законот за јавни набавки со објавување на оглас за доделување на договор за јавна набавка, која ќе се спроведе преку Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН), со спроведување на електронска аукција (Е-Аукција), согласно Законот за јавни набавки ("Службен весник на Република Македонија" бр. 136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 160/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16 и 165/17).

5. Критериум за избор на најповолен понудувач да биде: **најниска цена.**

6. За спроведување на постапката од оваа одлука се формира комисијата за јавни набавки следниот состав:

- Претседател на комисија : Ацо Живковски
- Заменик претседател: Нофка Стојанова
- Членови: Александар Кутев
  Катерина Мишковска
- Заменици членови: Катерина Паневска
  Даниела Трпева

7. Се задолжува Комисијата за јавни набавки од точката 5 да ја спроведат оваа одлука, согласно Законот за јавни набавки.

8. Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето.

Доставено до:
- Комисија за јавни набавки
- Сектор за финансиски прашања

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА

По овластување на Министер за правда
Заменик Министер
Оливер Ристовски

Подготвил: Марина Миновска, Советник
Контролирал: Маја Стефковска Панева, Раководител на одделение